Влада на Република Северна Македонија

# АГЕНДА:
# ЕВРОПА ДОМА

## ПРОДОЛЖУВАМЕ СО РЕФОРМИ И ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Влада на Република Северна Македонија
Секретаријат за европски прашања

АКЦИЈА 21
ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ ДОМА

# КОНТЕКСТ

Политичките и дипломатските напори за формален почеток на пристапните преговори со Европската унија продолжуваат. Но, реформите не смеат да застанат ниту да забават и затоа **одлучно продолжуваме со реформската агенда** и во услови на глобална пандемија и економска криза од незабележани размери до сега, користејќи ги сите ресурси и капацитети кои ни се на располагање. Промените што ги правиме се за сите нас, за да обезбедиме европски стандарди и услови за европско живеење дома, во нашата татковина.

# ЦЕЛ И ПОВРЗАНОСТ СО РЕФОРМИТЕ

**Редовниот Извештај на Европската комисија од октомври 2020** објективно ги забележа сите резултати и високото ниво на усогласеност на нашето национално законодавство со законодавството на Европската унија, кое е видливо дури и споредбено со земји кои веќе подолго преговараат за членство во Унијата.

**Целта на овој документ** не е да ги замени постоечките стратегии, акциски документи и програми за работа на Владата и институциите. Напротив, овој документ е **комплементарен** на различните стратешки документи и целосно ги отсликува заложбите на Владата и Акција 21, рефлектирани во Буџетот и Фискалната политика и планираните инвестиции во текот на годината. Овој хоризонтален документ е водилка на патот на европеизација на Северна Македонија, алатка за насочување на ресурсите кон клучните реформи и очекувани резултати, кои се неопходни за **извештајот на Европската комисија** за оваа година биде повторно со позитивна конотација. Ваквиот пристап ќе овозможи фокусирано, но сеопфатно следење на напредокот во клучните области. Уште поважно, напредокот за којшто зборува ЕУ во извештаите, да го симнеме од лавиринтите на хартиите и администрацијата на ниво на коешто ќе го почувствуваат самите граѓани, преку конкретни и видливи резултати во реалноста.

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Рефлектирајќи ја новата Методологија за пристапување кон ЕУ, Агенда: Европа дома се фокусира на **кластерот Темели**. Акцентот е ставен на **изборни реформи, правосудство, борба против корупција и организиран криминал, темелни човекови права, реформи во медиумската сфера, економско владеење, реформа на јавната администрација**. Поради важноста на областа **животната средина и климатските промени**, не само во националниот контекст, туку и согласно **Зелената Агенда за Западен Балкан на ЕУ**, вклучени се приоритетни цели и активности и за оваа област. Конечно, за соодветна подготвеност на институциите и Владата за процесот на пристапни преговори, вклучени се приоритетни цели и активности за ревизија на механизмот за управување и координација на пристапните преговори.

Документот е подготвен врз основа на обврските кои сме ги презеле во рамките на заедничките тела меѓу Северна Македонија и Европската Унија, а кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, препораките на Европската комисија но и препораки од Советот на Европа, Венецијанската комисија, ГРЕКО, извештаите и препораките од групата високи експерти, од Оценски мисии и од други меѓународни извештаи. За секоја приоритетна област се наведени цели, активности, надлежни институции за спроведување на активностите и рокови за нивна реализација. Документот беше консултиран со граѓански организации кои работат во областа на европските интеграции, со надлежните министерства како креатори на политики, како и со Делегацијата на Европската Унија.

## ИЗБОРИ

### ЦЕЛ

Понатамошно консолидирање на законската и институционална рамка за спроведување на изборниот процес согласно европските и меѓународните стандарди

### АКТИВНОСТ

Сеопфатна ревизија на законската рамка во согласност со препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, пред следните избори

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА НАЦРТ ТЕКСТ НА ЗАКОН
- ЈАВНА РАСПРАВА И КОНСУЛТАЦИИ
- УСВОЈУВАЊЕ ОД ВЛАДА
- ДОНЕСУВАЊЕ ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: мај 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда, Собрание

## СОБРАНИЕ

### ЦЕЛ

Унапредување на законодавната постапка

### АКТИВНОСТ

- Намалување на бројот на употреба на брзи процедури при усвојување на закони

### ЧЕКОРИ

- ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕ ВО ОДНОС НА ПРИМЕНАТА НА СКРАТЕНА ПОСТАПКА

### АКТИВНОСТ

Ревизија на Деловникот за работа како што е договорено на Дијалогот „Жан Моне“.

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА ИЗМЕНИ НА ДЕЛОВНИК НА СОБРАНИЕ

**РОК**: континуирано

**ИНСТИТУЦИЈА**: Собрание

# СУДСТВО

## ЦЕЛ

Имплементација на законската рамка и јакнење на капацитетите во правосудството

## АКТИВНОСТ

Да се спроведат новоусвоените закони, особено Законот за Јавно обвинителство и новите одредби поврзани со Судскиот совет и Советот на јавни обвинители

## ЧЕКОРИ

- ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СОГЛАСНО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО И ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
- ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ РЕСУРСИ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
- ТРАНСПАРЕНТНИ И ОБРАЗЛОЖЕНИ ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
- ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОСТАПКИТЕ ЗА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА И ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА И ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда, Судски совет, Совет на јавни обвинители

## АКТИВНОСТ

Да се усвојат измени на Законот за Академија за судии и обвинители

## ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА НАЦРТ ТЕКСТ
- ЈАВНА РАСПРАВА И
- КОНСУЛТАЦИИ
- УСВОЈУВАЊЕ ОД ВЛАДА
- ДОНЕСУВАЊЕ ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: јуни 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда

**АКТИВНОСТ**

Спроведување на стратегиите за човечки ресурси за судството и обвинителството

**ЧЕКОРИ**

- СЛЕДЕЊЕ НА СПОРВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ОД АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда, Јавно обвинителство, Судски совет, Совет на јавни обвинители

**АКТИВНОСТ**

Реорганизација на судската и јавно обвинителска мрежа

**ЧЕКОРИ**

- ИЗРАБОТКА НА ФУНКЦИОНАЛНИ АНАЛИЗИ ЗА 27-ТЕ ОСНОВНИ СУДОВИ
- ПОДГОТОВКА НА АНАЛИЗА ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА НОВА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА СУДСКАТА МРЕЖА
- АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКАТА МРЕЖА СО СУДСКАТА МРЕЖА

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда, Јавно обвинителство, Судски совет, Совет на јавни обвинители

**АКТИВНОСТ**

Унапредување на човечките и ИКТ капацитетите во правосудството

**ЧЕКОРИ**

- ПОДГОТОВКА НА ПРОЦЕНКА НА ПОСТОЈНИОТ АКМИС СИСТЕМ СО ПРЕПОРАКИ ЗА НЕГОВА НАДГРАДБА ИЛИ ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ.
- ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ/ИЗНАОЃАЊЕ НА СЕОПФАТНО РЕШЕНИЕ ВО ОДНОС НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИТ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР
- ИЗБОР НА НОВИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА
- ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИ СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ
- ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИ ОБВИНИТЕЛСКИ СОРАБОТНИЦИ
- СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНТИНУИРАНИ ОБУКИ ЗА СУДСКИТЕ И ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда, Судски совет, Совет на јавни обвинители, Академија за судии и јавни обвинители

## БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

### ЦЕЛ

Јакнење на капацитетите на надлежните институции за ефикасна борба со корупцијата

### АКТИВНОСТ

Да продолжи утврдувањето на одговорноста за нелегалните прислушувања, вклучително и со навремени судски постапки поврзани со поранешните случаи на СЈО

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТИ ОД РИЗИК НА ЗАСТАРУВАЊЕ

**РОК**: јуни 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Јавно обвинителство, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

### АКТИВНОСТ

Да продолжат да се истражуваат и гонат случаите од висока корупција

### ЧЕКОРИ

- ГОНЕЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ
- РЕДОВНО АЖУРИРАЊЕ НА ТАБЕЛИ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА СЛУЧАИТЕ НА КОРУПЦИЈА
- ЕКИПИРАЊЕ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ИСТРАЖНИТЕ ЦЕНТРИ
- ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛАТФОРМА ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА
- ПОДГОТОВКА НА НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ 2021-2023
- ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ 2021-2023

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: КЗПВ Николовски, Јавно обвинителство, Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерство за внатрешни работи

## АКТИВНОСТ

Кредибилна политика против корупцијата, вклучително и упатства за државната администрација и компаниите во државна сопственост за следење на препораките на Државната комисија за спречување на корупцијата

## ЧЕКОРИ

- ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕХАНИЗАМ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА
- РЕДОВНО СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕТО НА ИНСТИТУЦИИТЕ ПО ПРЕПОРАКИТЕ НА ДКСК
- ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИ И ПРЕТСТАВКИ ЗА ПОСТАПУВАЊАТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНА УПРАВА
- УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДКСК ЗА 2019 ГОДИНА
- УСВОЈУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ
- ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ ЗА НОВИ ВРАБОТУВАЊА И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО ДКСК
- НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ
- ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ
- ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА
- ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
- ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ УСТАНОВИ
- ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СТВАРИТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И СО СТВАРИТЕ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ
- ВОСПОСТАВУВАЊЕ РЕГИСТАР НА СТВАРИ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И СО СТВАРИТЕ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ
- ВОСПОСТАВУВАЊЕ РЕГИСТАР НА ДРЖАВНА ПОМОШ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: КЗПВ Николовски, КЗПВ Битиќи, Државна комисија за спречување на корупцијата, Министерство за економија, Министерство за финансии

## АКТИВНОСТ

Да се зачува статусот на Охрид - град на УНЕСКО (Охридски регион) и да се осигури неселективно спроведување на одлуките за отстранување на нелегалните згради

## ЧЕКОРИ

- ПРОДОЛЖЕНАТА САНАЦИЈА НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО
- ДА ПРОДОЛЖИ И ДА СЕ ИНТЕНЗИВИРА ОТСТРАНУВАЊЕТО НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН, СО ПРИОРИТЕТ НА КРАЈБРЕЖЈЕТО И НА ОБЈЕКТИТЕ НОТИРАНИ ОД СТРАНА НА НП ГАЛИЧИЦА
- СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА ДА ИЗРАБОТАТ ЗАЕДНИЧКА АНАЛИЗА ЗА АЛТЕРНАТИВА РУТА ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ КОРИДОР 8 КОЈ ПОМИНУВА НИЗ ЗАШТИТЕНОТО ПОДРАЧЈЕ, СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ НА УНЕСКО ОД 2017 ГОДИНА
- СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА ДА ГО ПОДИГНАТ НИВОТО НА ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СЛИВОТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО НА МИНИСТЕРСКО НИВО И ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ СТРУЧЕН СЕКРЕТАРИЈАТ И СООДВЕТНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
- ДА СЕ АНАЛИЗИРА МОЖНОСТА ЗА КОМБИНИРАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ПРОЕКТИ КОИ ПОМИНУВААТ НИЗ СТРУШКОТО ПОЛЕ (ГАСОВОДНА МРЕЖА, ЕЛЕКТРИЧНАТА МРЕЖА БИТОЛА-ЕЛБАСАН И ПАТОТ А2) ЗА ДА СЕ ИЗБЕГНЕ ФРАКЦИРАЊЕ НА РЕГИОНОТ И УНИШТУВАЊЕ НА ПЕЈСАЖОТ НА РЕГИОНОТ
- ЦЕЛОКУПНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕДВИДЕНИ/ПЛАНИРАНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СЕ ИСПРАТИ НА УВИД ВО ЦЕНТАРОТ ЗА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО, СОГЛАСНО ЧЛЕН 172 ОД ОПЕРАТИВНИОТ ВОДИЧ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СВЕТСКО НАСЛЕДСТВО, СО ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ГАСОВОДНА МРЕЖА, ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА, ТИРЗ ЗОНАТА СТРУГА, ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОХРИДСКИОТ АЕРОДРОМ И НАЦРТ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО НП ГАЛИЧИЦА (2021 – 2030).
- ЗАТВОРАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНИТЕ ДЕПОНИИ ВО БУКОВО МАУЦКЕР И СТРУГА
- ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Канцеларија на Премиерот, КЗПВ Николовски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за култура

## ТЕМЕЛНИ ПРАВА

### ЦЕЛ

Понатамошно зајакнување на правната и институционална рамка за заштита на темелните права

### АКТИВНОСТ

Спроведување на Законот за заштита и спречување на дискриминација

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА ЛИСТА И ПЛАН ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДРУГИ ЗАКОНИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА
- СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДРУГИ ЗАКОНИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за труд и социјална политика

### АКТИВНОСТ

Да се спречи неказнивост во случаи на заплашување на/закани кон новинари

### ЧЕКОРИ

- ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК ВО НАСОКА НА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА СО ОДРЕДБИ ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРИ ОД НАПАДИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБАТА.
- ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

**РОК**: јуни 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда

### АКТИВНОСТ

Да се преземат итни мерки за спроведување на препораките на Комитетот за спречување тортура

### ЧЕКОРИ

- ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТОРТУРА
- ДИСЕМИНАЦИЈА НА ИЗВЕШТАЈОТ ДО КРАЈНИ КОРИСНИЦИ
- ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**РОК**: јуни 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за правда, Управа за извршување на санкции

## МЕДИУМСКИ РЕФОРМИ

### ЦЕЛ

Обезбедување на овозможувачка средина за независно и професионално работење на медиумите

### АКТИВНОСТ

Да се зајакнат капацитетите и независноста на јавниот радиодифузен сервис

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА И УСВОЈУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС
- ОБЈАВУВАЊЕ  ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС
- НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

**РОК**: јуни 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Собрание, Јавен радиодифузен сервис

### АКТИВНОСТ

Да се доусогласи националното законодавство со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги

### ЧЕКОРИ

- АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА УСОГЛАСЕНОСТ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО СО ПРАВОТО НА ЕУ ВО ОБЛАСТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
- ПОДГОТОВКА НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за информатичко општество и администрација

### АКТИВНОСТ

Да се зајакне независноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

### ЧЕКОРИ

- ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА  СОВЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
- НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**РОК**: јуни 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Собрание

## ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

### ЦЕЛ

Зајакнати капацитети за заштита на границите и борба против тероризам и насилен екстремизам

### АКТИВНОСТ

Зајакнување на улогата и капацитетите на Националниот комитет за борба против тероризам и насилен екстремизам и понатамошно спроведување на билатералниот аранжман (Заеднички акциски план) за борба против тероризам и спречување насилен екстремизам

### ЧЕКОРИ

- ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАОДИТЕ ОД ОЦЕНСКАТА МИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ И НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ (ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ, ВРАБОТУВАЊА, БУЏЕТ)
- НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЗАМЕНИК НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

**ИНСТИТУЦИЈА**: Влада, Министерство за финансии, Генерален секретаријат, Национален координатор за борба против тероризам и спречување насилен екстремизам

**РОК**: септември 2021

### АКТИВНОСТ

Зајакнување на институционалните и оперативните капацитети на Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување и разјаснување на неговите надлежности во однос на останатите институции

### ЧЕКОРИ

- УТВРДУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ КОИ СЕ ПРЕКЛОПУВААТ СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ
- УРЕДУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ ВО ЗАКОН И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БУЏЕТ ЗА ОПЕРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за внатрешни работи, Национален координативен центар за интегрирано гранично управување

**РОК**: септември 2021

### АКТИВНОСТ

Да се зајакне систематско регистрирање мигранти и заштита на профилирање на чувствителни податоци, за да осигури дека се решаваат нивните потреби

### ЧЕКОРИ

- ДОНЕСУВАЊЕ НА МАСТЕР ПЛАН ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИТ СИСТЕМ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА МИГРАНТИ
- УСВОЈУВАЊЕ НА НОВА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА МИГРАЦИОНА ПОЛИТИКА 2021-2026
- ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВА РЕЗОЛУЦИЈА ЗА МИГРАЦИОНА ПОЛИТИКА 2021-2026 ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за внатрешни работи, Влада, Собрание

## ПОПИС

### ЦЕЛ

Успешно спроведен попис како основа за креирање на ефикасни развојни политики и спроведување на структурни реформи со цел економско закрепнување и раст

### АКТИВНОСТ

Подготовка и спроведување на попис на населението во 2021

### ЧЕКОРИ

- СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО

**РОК**: април 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Државен завод за статистика

## ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ

### АКТИВНОСТ

Спроведување на Програма за економска реформа (ПЕР) во насока на забрзување на потребните структурни реформи, засновани на годишната ПЕР, нејзината проценка од страна на Европската комисија и усвоените Заеднички заклучоци од годишниот дијалог помеѓу Западен Балкан и Турција

### ЧЕКОРИ

- СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОСПОСТАВЕНИТЕ ПРОЦЕДУРИ НА ГОДИШНО НИВО
- ЕКОНОМСКИ ДИЈАЛОГ И УСВОЈУВАЊЕ ЗАЕДНИЧКИ ЗАКЛУЧОЦИ
- ИНФОРМАЦИЈА НА МФ ДО ВЛАДА ЗА ПРОГРАМАТА НА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ 2022-2024 ГОДИНА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ УСВОЕНИ НА ЕКОНОМСКО – ФИНАНСИСКИОТ ДИЈАЛОГ ОД МАЈ 2021 ГОДИНА
- КОНСУЛТАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ЗА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕФОРМСКИ МЕРКИ ВО ПЕР 2022 – 2024
- УСВОЈУВАЊЕ НА ТЕКСТОТ НА ПЕР 2022 - 2024

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за финансии

## ЦЕЛ

Заокружување на процесот на реорганизација на државната управа за ефикасна и сервисно ориентирана јавна администрација

## АКТИВНОСТ

Целосно почитување на начелата на јавна администрација (транспарентност, професионални заслуги и правична застапеност) во однос на управување со човечки ресурси

## ЧЕКОРИ

- УСВОЈУВАЊЕ НА ПАКЕТ ЗАКОНИ (ЗАКОН ЗА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВЕН СЕКТОР, ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗАКОН ЗА ВИСОКА РАКОВОДНА СЛУЖБА) ОД ВЛАДА
- ДОНЕСУВАЊЕ НА ПАКЕТ ЗАКОНИ (ЗАКОН ЗА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВЕН СЕКТОР, ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗАКОН ЗА ВИСОКА РАКОВОДНА СЛУЖБА) ОД СОБРАНИЕ
- ЦЕЛОСНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ПО К-5 ПРОГРАМАТА

**РОК**: јуни 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: ЗПВ Груби, Министерство за информатичко општество и администрација

## АКТИВНОСТ

Да се спроведе процесот на реорганизација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби

## ЧЕКОРИ

- СОВЕТОТ ЗА РЈА ДА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА МОДЕЛОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОПТИМИЗАЦИЈА ДРЖАВНАТА УПРАВА
- ДА СЕ ФИНАЛИЗИРА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНА УПРАВА
- ЈАВНА РАСПРАВА И КОНСУЛТАЦИИ ЗА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНА УПРАВА
- УСВОЈУВАЊЕ ОД ВЛАДА
- ДОНЕСУВАЊЕ ОД СОБРАНИЕ
- ПОДГОТОВКА НА ИЗМЕНИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДРУГИ ЗАКОНИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СО НОВИОТ ЗАКОН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНА УПРАВА
- УСВОЈУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ЗАКОНИ ОД ВЛАДА

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за информатичко општество и администрација

## АКТИВНОСТ

Да се осигури соодветен законодавен процес (вклучително и соодветен консултативен процес, проценка на влијание на регулативата и проверка на квалитет) за усвојување на ново законодавство и да се ограничи користењето на скратени и итни постапки

## ЧЕКОРИ

- ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНИТЕ НА ЕНЕР, ПРОПРАТЕНИ СО ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕ НА РЕГУЛАТИВАТА
- КОНТРОЛА НА КОМПЛЕТНОСТА НА ДОСТАВЕНИОТ ПРЕДЛОГ ЗАКОН ДО ВЛАДАТА (ПВР, КОРЕСПОНДЕНТНИ ТАБЕЛИ, ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ)
- ДА СЕ ОГРАНИЧИ УСВОЈУВАЊЕТО НА ЗАКОНИ ВО СКРАТЕНА И ИТНА ПОСТАПКА
- КОНТИНУИРАНО СЛЕДЕЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНАЛИЗИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ПВР ПРОЦЕСОТ

**РОК**: континуирано

**ИНСТИТУЦИЈА**: Генерален секретаријат, Секретаријата за европски прашања, Министерство за информатичко општество и администрација, Секретаријат за законодавство

## АКТИВНОСТ

Продолжување на дигитализацијата на регистри и услуги (низ администрацијата) за бизниси и граѓаните.

## ЧЕКОРИ

- УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ДЕЛОТ НА ДИГИТАЛЗИАЦИЈА
- ИНТЕГРАЦИЈА НА БАЗИТЕ ОД МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА КОНЕЧНА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СИСТЕМОТ НА ИЗДАВАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗВОДИ
- ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ИНСПЕКЦИЈА „Е-ИНСПЕКТОР“
- ПЛАН ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНА БАЗА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ И ДОЗВОЛИ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: КЗПВ Николовски, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за економија, Управа за водење на матична евиденција, Инспекциски совет

## ЦЕЛ

Имплементација на законската рамка за отчетност и контрола на трошењето на јавните финансии

## АКТИВНОСТ

Да се усвои нов Закон за буџет кој ќе ги вклучува фискалните правила, аранжманите за независен фискален совет и кој ќе воведе соодветна сеопфатна среднорочна буџетска рамка. Да се започне со изготвување на подзаконска регулатива

## ЧЕКОРИ

- ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА БУЏЕТИ ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: март 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Собрание

## АКТИВНОСТ

Да се усвои и спроведе Стратегија за реформа на даночен систем

## ЧЕКОРИ

- СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ДАНОЧЕН СИСТЕМ
- ДОНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА
- ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА

**РОК**: март 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за финансии

## АКТИВНОСТ

Да се изготви нова Програма за реформа во управувањето со јавните финансии (УЈФ)

## ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА НОВА ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА ВО УЈФ
- ЈАВНА РАСПРАВА И КОНСУЛТАЦИИ
- ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА ВО УЈФ ОД СОВЕТОТ ЗА УЈФ
- УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА ВО УЈФ ОД ВЛАДА

**РОК**: декември 2021 **ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за финансии

### АКТИВНОСТ

Подобрена примена на законодавството за јавни набавки

### ЧЕКОРИ

- ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
- СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКИ ЗА ДОГОВОРНИ ОРГАНИ
- ПОДГОТОВКА НА СТАНДАРДНИ ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ЗА СТОКИ

**РОК**: мај 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: КЗПВ Николовски, Биро за јавни набавки

### АКТИВНОСТ

Да се усвои Стратегија за јавни набавки

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА ПРВ НАЦРТ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
- КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ
- ПОДГОТОВКА НА КОНЕЧЕН НАЦРТ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за финансии, Биро за јавни набавки

### АКТИВНОСТ

Донесување на Закон за јавно-приватно партнерство

### ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА ЗАКОН ЗА ЈАВНО-ПРИВАТНО
- ПАРТНЕРСТВО
- ЈАВНА РАСПРАВА И КОНСУЛТАЦИИ
- УСВОЈУВАЊЕ ОД ВЛАДА
- ДОНЕСУВАЊЕ ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: јуни 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за економија, КЗПВ Николовски

## АКТИВНОСТ

Донесување на Закон за концесии

## ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА ЗАКОН ЗА
- КОНЦЕСИИ
- ЈАВНА РАСПРАВА И КОНСУЛТАЦИИ
- УСВОЈУВАЊЕ ОД ВЛАДА
- ДОНЕСУВАЊЕ ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за економија, КЗПВ Николовски

## АКТИВНОСТ

Донесување на Закон за јавна внатрешна финансиска контрола

## ЧЕКОРИ

- ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ОД СОБРАНИЕ

**РОК**: март 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Собрание, Министерство за финансии

## ЦЕЛ

Воспоставена ефикасна преговарачка структура

## АКТИВНОСТ

Ревизија на механизмот за управување и координација на пристапните преговори, заради негово усогласување со новата Методологија за преговори на ЕК/ЕУ

## ЧЕКОРИ

- АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА РАМКА И БАРАЊАТА НА НОВАТА МЕТОДОЛОГИЈА
- ПРЕДЛОГ ЗА РЕВИЗИЈА СО НОВ МОДЕЛ МЕХАНИЗАМ ЗА ПРЕГОВОРИ И СООДВЕТНО СОГЛАСУВАЊЕ СО ПОСТОЈНИТЕ ПРАВНИ АКТИ (ОДЛУКИ)
- КОНСУЛТАЦИЈА НА ПРЕДЛОГОТ СО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР
- ДЕФИНИРАЊЕ НА ФИНАЛЕН ПРЕДЛОГ/ПАКЕТ И ДОСТАВУВАЊЕ ДО ВЛАДАТА
- УСВОЈУВАЊЕ НА РЕВИДИРАНИОТ МЕХАНИЗАМ И ПАКЕТОТ СО ОДЛУКИ НА ВЛАДА И ОБЈАВУВАЊЕ ВО СЛ.ВЕСНИК
- ИМЕНУВАЊЕ И ПОПОЛНУВАЊЕ НА СИТЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ СТРУКТУРИ ВО МЕХАНИЗМОТ ЗА ПРИСТАПНИ ПРЕГОВОРИ, ВКЛУЧИТЕЛНО И ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР
- ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МЕХНАИЗМОТ И НЕГОВИТЕ КЛУЧНИ УЧЕСНИЦИ

**РОК**: април 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Секретаријат за европски прашања

## АКТИВНОСТ

Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) 2021-2025 заради нејзино усогласување со новата Методологија за преговори на ЕК/ЕУ

## ЧЕКОРИ

- ПОДГОТОВКА НА НПАА 2021-2025
- ЈАВНИ КОНСУЛТАЦИИ ЗА НПАА 2021-2025
- УСВОЈУВАЊЕ НА НПАА 2021-2025 ОД ВЛАДА
- ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НПАА 2021-2025 ВО СОБРАНИЕ
- ДОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА НПАА 2021-2025 ВО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

**РОК**: април/мај 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Секретаријат за европски прашања

## ЦЕЛ

Унапредување на политиките за здрава животна средина

## АКТИВНОСТ

Да се преоценат и прегледаат релевантните стратегии, акциски планови и законската регулатива во овие сектори, за да се осигури доследност со начелата на Зелениот план и да се осигури доследност меѓу релевантните секторски документи

## ЧЕКОРИ

- УСВОЈУВАЊЕ НА ПЕТГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКАТА СТРАТЕГИЈА
- УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА БИОГОРИВА
- УСВОЈУВАЊЕ ЗАКОНИ И СТРАТЕШКА РАМКА УСОГЛАСЕНИ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ ЗА ИНТЕЛИГЕНТНИ ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ
- УСВОЈУВАЊЕ ЗАКОН УСОГЛАСЕН СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ ЗА КОМБИНИРАН ТРАНСПОРТ
- УСВОЈУВАЊЕ ЗАКОНИ ОД ОБЛАСТА НА ЖЕЛЕЗНИЦИТЕ УСОГЛАСЕНИ СО ЧЕТВРТИОТ ПАКЕТ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
- УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАКОНИ ЗА ОТПАД, УСОГЛАСЕНИ СО ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА
- УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПРИРОДА
- СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ОД ИЗВЕШТАИТЕ НА КОНЕКТА ЗА ОДДРЖУВАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПАТИШТАТА, ИНСПЕКЦИИ И РЕВИЗИИ ОД АСПЕКТ НА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА И ИНТЕЛИГЕНТНИ ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски

**РОК**: декември 2021

## АКТИВНОСТ

Да се подобри меѓусекторко координирање и финансиски средства за намалување на загадувањето на воздухот

## ЧЕКОРИ

- ИЗМЕНИ НА ЗАКОН ЗА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ
- ОПШТИНИТЕ КОИ СЕ ЗАДОЛЖЕНИ ДА НОСАТ ПЛАНОВИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ, СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ
- ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА МОНИТОРИНГ МРЕЖА ЗА КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ, КОЈА ЌЕ ОБЕЗБЕДУВА ПОДАТОЦИ ВО РЕАЛНО ВРЕМЕ, ЗА ДА МОЖАТ ДА СЕ ОБЕЗБЕДАТ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОВИ И ДРУГИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ВОЗДУХ
- ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ ЗА 2021-2030

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за животна средина и просторно планирање

## АКТИВНОСТ

Да се спроведе Спогодбата од Париз, вклучително и со создавање сеопфатна стратегија за климатски промени и да се усвои закон, конзистентен со Рамката на ЕУ 2030

## ЧЕКОРИ

- ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА
- ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА
- ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕВИДИРАН НАЦИОНАЛЕН ПРИДОНЕС ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ТРЕТ ДВОГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**РОК**: декември 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за животна средина и просторно планирање

## АКТИВНОСТ

Да се создаде Национален план за енергија и климатски промени, во согласност со обврските кон Енергетската заедница

## ЧЕКОРИ

- УСВОЈУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА КЛИМА И ЕНЕРГИЈА

**РОК**: јуни 2021

**ИНСТИТУЦИЈА**: Министерство за животна средина и просторно планирање

СОГЛАСНО ЗАЛОЖБИТЕ НА ВЛАДАТА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА **АГЕНДА: ЕВРОПА ДОМА** ЌЕ БИДЕ СЛЕДЕНА НИЗ ТРАНСПАРЕНТЕН И ИНКЛУЗИВЕН ПРОЦЕС.

ВРЗ ОСНОВА НА ОВОЈ ДОКУМЕНТ, СЕП ИЗГОТВИ СООДВЕТНА МАТРИЦА КОЈА ДЕТАЛНО ГИ РАЗГРАНУВА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СЕКОЈА ЦЕЛ ВО ОБЛАСТИТЕ ОД АГЕНДА: ЕВРОПА ДОМА. ДИНАМИКАТА НА ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОВОЈ ДОКУМЕНТ ЌЕ ЈА СЛЕДИ ПОДГОТОВКАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ОВАА ГОДИНА, СО ПРЕСЕК НА НАПРЕДОКОТ ДО МАЈ, СЕПТЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА.

## МЕХАНИЗАМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА АГЕНДА: ЕВРОПА ДОМА
## **ТЕКОВНО СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО**

ИНСТИТУЦИИТЕ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ДОСТАВУВААТ ДО СЕП СТАТУС ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ
(ЕДНАШ НЕДЕЛНО, СЕКОЈА НЕДЕЛА )

СЕП ПОДГОТВУВА НЕДЕЛЕН ПРЕСЕК ЗА СОСТОЈБАТА СО СПРОВЕДУВАЊЕ НА АГЕНДА: ЕВРОПА ДОМА
(ЕДНАШ НЕДЕЛНО, СЕКОЈА НЕДЕЛА)

ЗПВ ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА ЈА БРИФИРА ВЛАДАТА ВО ОДНОС НА НЕДЕЛНИОТ ПРЕСЕК
(СЕКОЈА СЕДНИЦА НА ВЛАДА)

## МЕХАНИЗАМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА АГЕНДА: ЕВРОПА ДОМА
## **ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО**

1. ВРЗ ОСНОВА НА КРАТКИТЕ ИЗВЕШТАИ, СЕП ПОДГОТВУВА СЕОПФАТЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ И ГО ДОСТАВУВА ДО ВЛАДАТА
(МАЈ, СЕПТЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2021)

2. ВЛАДАТА ГО РАЗГЛЕДУВА И УСВОЈУВА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ
(МАЈ, СЕПТЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2021)

3. ИЗВЕШТАЈОТ СЕ ОБЈАВУВА НА ВЕБ СТРАНИТЕ НА ВЛАДАТА И СЕП
(МАЈ, СЕПТЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2021)

4. ИЗВЕШТАЈОТ СЕ ПРЕЗЕНТИРА НА ЈАВНОСТА; КОНТИНУИРАН ДИЈАЛОГ СО СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ
(МАЈ, СЕПТЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ 2021)

АГЕНДА: **ЕВРОПА ДОМА**

ПРОДОЛЖУВАМЕ СО РЕФОРМИ И
ЕВРОПЕИЗАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

**Влада на Република Северна Македонија**
Секретаријат за европски прашања

АКЦИЈА 21
ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ ДОМА